Економски совет
Општина Штип
Број 09 -сл
09.10.2014 година
Ш т и п

# З А П И С Н И К

Од **петтата седница** на Економскиот совет на Општина Штип, одржана на ден **09 октомври 2014 година**, со почеток во **10.00 часот**.

На седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Штип, Прим. м-р Илчо Захариев - претседател на Економскиот совет, членовите на Економскиот совет, раководителот на одделение за поддршка на градоначалникот на Општината Штип, Снежана Санева, советник на градоначалникот Нада Наџинска и записничар Маријана Трајкова.

Со седницата раководеше градоначалникот Прим. м-р Илчо Захариев, претседател на Економскиот совет на Општина Штип.

Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип на дневен ред ги предложи следниве точки:

1. Информација за измена на ДУП за дел од улица Гоце Делчев;
2. Иницијатива на Општина Штип за самостојно уредување на дворните места пред индуструиските капацитети кои имаат седиште на улица Гоце Делчев;
3. Разно;

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** го усвоија следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Информација за измена на ДУП за дел од улица Гоце Делчев;
2. Иницијатива на Општина Штип за самостојно уредување на дворните места пред индуструиските капацитети кои имаат седиште на улица Гоце Делчев;
3. Разно;

**Точка 1 од дневниот ред –** Информација за измена на ДУП за дел од улица Гоце Делчев;

Воведно образложение по точка 1 од дневниот ред даде претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, прим. м-р Илчо Захариев, при што што истакна дека измената на ДУП за дел од улицата Гоце Делчев е предвидено да се направи во овој период. Приоритет е ставен на овој дел поради реалната потреба на бизнис секторот за развивање односно проширување на бизнисот, а со тоа и подобрување на

бизнсис климата во Општината Штип. Истакнува дека промената на ДУП за дел од улица Гоце Делчев ќе биде направена според реалните потреби. Дава информација дека промената на ДУП е долготрајна постапка и дека понатаму секоја промена ќе е тешка па според тоа доколку некој има реална потреба од предвидување на некоја парцела/ли тоа да биде направено во оваа постапка.

Членовите на Економскиот совет ја поздравија идеата на Градоначалникот прим. м-р Илчо Захариев при што истакнаа дека во наредниот период до стручните служби во општината ќе ги достават своите предози во врска со измената на ДУП за овој дел од градот.

Членовите на Економскиот совет едногласно **(12-за)** ја усвоија точка 1 од дневниот ред со следниот заклучок.

1. Да се изврши промена на ДУП за дел од улица Гоце Делчев.

**Точка 2 од дневниот ред –** Иницијатива на Општина Штип за самостојно уредување на дворните места пред индуструиските капацитети кои имаат седиште на улица Гоце Делчев

Воведно образложение по ова точка даде советникот на градоначалникот Нада Наџинска која ја истакна потребата од уредување и создавање на подобар лик на градот посебно во индустрискиот дел, на локации каде се сместени идустриските капацитети. Потенцираше дека уредувањето на дворните места ќе биде од полза не само за подобар лик на градот туку и за подобар работен амбиент како и најважното подобра слика за клиентите.

Иницијативата беше едногласно поддржана од страна на членовите на Економскиот совет и истата беше прифатена во целост, со тоа што во наредниот период сопствениците ќе започнат со активности за уредување на дворните места.

Градоначалникот ја истака и потребата од оваа акција да биде континуирана со што би се овозможило и постојано одржување на просторот пред индустриските објекти.

**Точка 3 од дневниот ред –** Разно;

Под точка разно се отвара дискусија за наредни теми кои би се дискутирале на наредната седница на Економскиот совет.

Седницата заврши во 11.40 часот.

Економски совет на Општина Штип
Претседател
Градоначалник на Општина Штип
Прим.м-р Илчо Захариев

Записничар
Маријана Трајкова